РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 11. 05. 2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един: | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 11 | 67 | | |

( Образец ПП......)

До: ОПШТИНА БИТОЛА
(имател на информацијата)

# БАРАЊЕ
## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted]

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

**Како заинтересирана страна и како сопственик на соседниот објект, Молам да ми биде издадено решението издадено од Комисија од Општина Битола согласно кое фирмата ,,МАКЕДОНИЈА ДОО,, е задолжена да изврши уривање на објектот кај поранешно ,,ЈАТ,, кој објект се сруши на ден 30.01.2026 година.**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- **в) фотокопија**
- г) електронски запис
- д) друго ________________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго ________________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**ВО Битола,11.05.2026 година .**

Потпис

____________________________________

(доколку барањето се поднес[redacted]а форма)

[redacted]

ОПШТИНА БИТОЛА

Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи
Одделение за административни и општи работи

До
Комисја за утврдување на факитчка состојба
за отстранување на обејт или негов дел во случај на
оштетување на објектот  и постоење на опасност
од негово уривање

Бр.11-67/2
20.05.2026

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-67/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лица за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Марија Атанасовска

Примил:
Стојановски
20.05.2026

"Булевар 1ви Мај" бр. 61   7000 Битола   Република Северна Македонија
тел: 047 234 234   047 208 302   факс: 047 208 307   e-mail: bitola@t-home.mk   www.bitola.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Примено: 26. 05. 2026
Орг. Един: 11 | Број: 67/3 | Прилог: | Вредност:

**ОПШТИНА БИТОЛА**
**Комисија за утврдување на фактичка состојба за отстранување на објект или негов дел во случај на оштетување на објектот и постоење опасност од неговор уривање,**
формирана со Решение на Градоначалник бр. 08-226/1 од 27.02.2024

**Предмет : Одговор по Барањето за пристап до информации од јавен карактер**

На ден 20.05.2026 год, до Комисијата за утврдување на фактичка состојба за отстранување на објект или негов дел во случај на оштетување на објектот и постоење опасност од негово уривање, доставено е Барање бр. **11-67/2** од 20.05.2026 год, за пристап до информации од јавен карактер, во врска со објектот на ул. „Рузвелтова“ б.б. во Битола, КП бр. 11471/1 КО Битола 3, м.в. „Зградата кај ЈАТ“ во Битола.

Во врска со доставеното барање, Комисијата, Ве известува за следното :

1. Комисијата **нема** издадено било какво Решение, со кое фирмата „Македонија Доо“, е задолжена да изврши уривање на објектот кај поранешно „ЈАТ“ во Битола.
2. Комисијата, на ден 30.01.2026 год, изврши увид на лице место, после добиената информација за обрушување на дел од постоечки објект на ул. „Рузвелтова“ б.б. во Битола, КП бр. 11471/1 КО Битола 3, м.в. „Зградата кај ЈАТ“ во Битола. На лице место, затекнат е објект од постар датум, со катност Пр+1, во запуштена и руинирана состојба, чиј што дел од источната страна, се обруши во рамки на паркинг просторот на соседната парцела – двор на колективната станбена зграда на ул. „Димитар Илиевски – Мурато“ во Битола.
3. Комисијата, после извршениот увид, а во согласност со член 99, став 1 од важечкиот Закон за градење, со Записник, констатира дека **објектот има сериозни оштетувања и дека постои опасност од негово уривање.**
4. Комисијата, согласно член 99, став (2) од важечкиот Закон за градење, достави **Известување до сопственикот на објектот**, на ден 30.01.2026 год, дека е должен да превземе итни мерки за отстранување на објектот согласно Закон, и тоа : истиот да го означи како опасен со соодветни ознаки, да постави заштитна ограда до остранување на опасноста и да поднесе барање за добивање на Одобрение за отстранување до надлежниот орган од членот 58 од Законот за градење.
5. Согласно член 58 од Законот за градење, а во врска со **Законот за прогласување на Старото градско јадро на Битола за културно наследство од особено значење** („Сл. весник на РМ“ бр. 169/2015), Комисијата утврди дека објектот припаѓа на **Урбан комплекс „Широк Сокак“** и претставува **објект од I (прва) категорија,** односно истиот е во директна надлежност на органот на државната управа задолжен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.
6. Надлежниот орган, согласно член 99, став (10) од Законот, е должен да утврди дали барањето е основано и доколку истото е основано, писмено го известува сопственикот на објектот за започнување на постапка за отстранување **во рок од најмногу 30 дена**.
7. Доколку сопственикот на објектот не ги изврши работите од ставот (2) на член 99 од важечкиот Закон за градење, согласно ставот (9) на член 99 од Законот, тоа ќе го изврши надлежниот орган од членот 58 на Законот за градење, на трошок на сопственикот на објектот.

Комисија за утврдување на фактичка состојба :

Филип Салевски, д.и.а

Владимир Јовевски, д.и.а

Блаже Трајковски, д.г.и

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА БИТОЛА

ОПШТИНА БИТОЛА
Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи
Одделение за административни и општи работи

Бр.11-67/4
26.05.2026

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted], поднесено на **11.05.2026 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

**СЕ УВАЖУВА** барањето на [redacted] по барање за пристап до информации од јавен карактер **бр.11-67** од **11.05.2026 година**, каде бара информации за решение издадено од комисијата на Општина Битола за уривање на објектот кај поранешно „JAT’’.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот [redacted] барање за пристап до информации од јавен карактер заведено под број 11-67 на ден 11.05.2026 година. Во барањето наведе дека бара информации за решение издадено од комисијата на Општина Битола за уривање на објектот кај поранешно „JAT’’.

Врз основа на барањето информација од јавен карактер имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата и прилозите:**

1.Барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-67/1 од 11.05.2026 год.
2.Допис до комисја за утврдување на фактичка состојба за отранување на објект или негов дел во случај на оштетување на обејктот и псотоење на опасност од негово уривање со бр. 11-67/3 од 20.05.2026 год.
3.Одговор од комисја за утврдување на фактичка состојба за отранување на објект или негов дел во случај на оштетување на обејктот и псотоење на опасност од негово уривање со бр.11-67/3 од 20.05.2026

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.
Решено во **Општина Битола** на 26.05.2026 година, под бр. 11-67/4.

**Службенено лице за посредување при остварување
на правото на слободен пристап
до информации од јавен карактер
Марија Атанасовска**
-------------------------------

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • ОПШТИНА БИТОЛА •